Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 103, 3 јуни 2013 година

јуни 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области германистика и граматика, семантика, семиотика, синтакса на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област книжевност за деца на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област вокално пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 30

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник асистент во научна област методика на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 34

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област психологија на образование и воспитување на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 47

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент(специјалист) за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 54

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно- научната област геотектоника и регионална геологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 60

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало „Практикум по педагогија на слободно време“ за студентите од прв циклус студии од д-р Деспина Сивевска, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 66

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Педагогија на слободно време“ за студентите од прв циклус студии од д-р Деспина Сивевска, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 70

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Развојна психологија“ од проф. д-р Ленче Милошева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 74

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за трудот „Феноменот на финансиски кризи и импликациите врз светската економија“ од проф. д-р Ристо Фотов, м-р Влатко Пачешкоски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 77

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК АСИСТЕНТ ВО НАУЧНА ОБЛАСТ МЕТОДИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип на 19.12.2012 година донесе Одлука број 2102-472/7 за распишување на Конкурс за избор на еден соработник асистент за наставно-научната област ***методика*** на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

На 25.2.2013 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2102-102/4 и Решение број 2102-102/5 за претседател, 2102-102/6 за член и 2102-102/7 за член за формирање на Рецензентска комисија за избор на соработник асистент за научната област *методика* на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во состав:

- проф. д-р Јордан Стојановски, претседател, редовен професор;
- проф. д-р Бојо Колонцовски, член, редовен професор,
- доц. д-р Даниела Андоновска-Трајковска, член, доцент.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 25.12.2012 год. и во предвидениот рок се пријавија кандидатите, **м-р Катерина Алексовска, доц д-р Ѓорѓина Ќимова, м-р Габриела Дурчевска-Георгиева и асс.м-р Ирена Китанова.** Врз основа на приложената документација на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

I. **М-р Катерина Алексовска**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Катерина Алексовска** е роден на 30 април 1981 год. во Скопје, каде што завршува основно и средно образование со одличен успех. На Педагошкиот факултет во Скопје се запишува во 2004 година, каде што дипломира во 2007 година. По дипломирањето се запишува на постдипломски студии на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и го одбранува магистерскиот труд со наслов „Користењето на симулации во наставата во првиот циклус од основното деветгодишно образование" во 2011 година.

***Објавени трудови***

1. Алексовска, К: **Хуманото образование, можност за вистинско хумано живеење**, Петти научен собир „Образование за хумано општество", Охрид, Зборник на апстракти, 2010, 83-84.
2. Алексовска, К: **Through contemporary educational tehnology means and methods to person to fit in the modern society**, Sixth Balkan education and science congress "The modern society an education", Ohrid, Pedagogical Faculty- "St. Kliment Ohridski", Univesity "St. Ciril and Methodius", Skopje, book of proseedings, 2011, 1139-1145p.
3. Алексовска, К: **Системот за рана интервенција-една од главните алатки за квалитетно инклузивно образование**, Меѓународен научно-стручен собир „Инклузивно образование - состојби и предизвици", Струмица, Сојуз на дефектолози на Република Македонија, Министерство за образование и наука, Филозофски факултет – Институт за дефектологија, Бомат графикс, 17-19 мај 2012, Зборник на трудови, 562-572.

Од табелата дадена во прилог за вреднување на активностите според критериумите за избор во звање на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип м-р Катерина Алексовска има 7 бодови.

II. **Доц. д-р Ѓорѓина Ќимова**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Ѓорѓина Ќимова** е родена на 9 јуни 1979 год. во Велес, каде што завршува основно и средно образование. Во 1998 година се запишува на Педагошкиот факултет во Штип на групата Одделенска настава, каде што дипломира во 2002 год. Во 2002 година се запишува на постдипломски студии на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на дидактичко-методската насока, каде што во 2007 год. го одбранува трудот со наслов „Планирање и програмирање на воспитно-образовниот процес во реформираното гимназиско образование“. Својот докторски труд го одбранува во 2010 год. под наслов „Програмски и дидактичко-методски аспект на изборните предмети во гимназиското образование во РМ“.

***Наставно-научна дејност***

Д-р Горѓина Кимова е доцент по предмети во областите педагогија и педагошка психологија на првата високошколска установа „Меѓународен славјански институт - Г.Р. Државин“, Св. Николе и Битола. Во периодот од 2006до 2008 год. работи како едукатор во Центар за дополнителна настава за ученици од основно училиште, Велес.

***Стручна дејност***

Стручната активност на д-р Ѓорѓина Ќимова доаѓа до израз уште од нејзините студентски денови кога во 2002 година е избрана за најдобар студент на Педагошкиот факултет во Штип од страна на Сојузот на студенти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2002 година се здобива со признание за остварување значајни резултати при студирањето.

Кандидатката д-р Горѓина Кимова учествува на повеќе семинари, обуки, конференции од кои се приложени следниве, за што нема приложено релевантни докази:

- 2012 г. - Трета меѓународна научна конференција-Меѓународен дијалог: Исток-Запад (култура, славјанство и економија), Меѓународен славјански институт „Г.Р. Државин“, Св. Николе.
- 2011 г. - Семинар „Култура Исток-Запад“, Друштво Световид, Прага, Чешка Република.
- 2011 г. - Втора меѓународна научна конференција - Меѓународен дијалог: Исток-Запад (култура, славјанство и економија), Меѓународен славјански институт „Г.Р. Државин“, Св. Николе.
- 2010 г. - Проект „Сервис за бесплатна помош за жртвите од семејно насилство“, Организација на жени, Општина Велес.
- 2007/2011 г. - Обука „Меѓуетничка толеранција, разрешување на конфликти и комуникациски вештини“, Извиднички одреди „Димитар Влахов“ - Велес.
- 2005 г. - Обука „Менаџментот на организација во современото општество“ НБО „Асоцијација за демократски вредности“, Велес.
- 2004 г. - Обука „Ненасилна разработка на конфликти“, Центар за ненасилна акција, Сараево и Мировна акција, Прилеп.
- 2001/2002 г. - Обука „Преку читање и пишување до критичко мислење“, Педагошки факултет „Гоце Делчев“ - Штип.

***Објавени трудови***

Д-р Ѓорѓина Ќимова објавила и навела во својата кратка биографија осум публикувани трудови:

1. Ќимова, Ѓ (2012). *Меѓукултурна комуникација во современото општество*, Зборник на научни трудови, Трета меѓународна научна конференција-Меѓународен дијалог: Исток-Запад (култура, славјанство и економија), Меѓународен славјански институт „Г.Р. Државин“, Св. Николе, стр. 54-60, ISBN 978-608-4559-04-7.

2. Ќимова, Ѓ. (2011). *Култура на курикулум наспроти култура на наставна програма*, Зборник на научни трудови, Втора меѓународна научна конференција - Меѓународен дијалог: Исток-Запад (култура, славјанство и економија), Меѓународен славјански институт „Г.Р. Државин", Св. Николе, стр. 73-80, ISBN 978-608-4559-04-7.
3. Ќимова, Ѓ. (2011). *Нови поставки на современото образование*, Година 64, бр. 1, АД Просветно дело, Скопје, стр.1-11, UDK-37-ISSN 0350-6711.
4. Ќимова, Ѓ. (2010*) Средно образование во Република Македонија и трендови на неговиот развој,* Педагогика, Државен тамбовски универзитет „Г.Р.Државин", Тамбов, Русија.
5. Ќимова, Ѓ. (2010) *Програмски и методско-дидактички концепт на изборните предмети во гимназиското образование во Република Македонија*, Просветно дело, Година 63, бр. 5, Скопје, стр.39-50, ISSN 0350-6711.
6. Ќимова, Ѓ. (2009). *Планирање и програмирање на воспитно-образовниот процес во реформираното гимназиско образование*, Образовни рефлексии-списание за теорија и практика во воспитанието и образованието, Биро за развој на образованието, Скопје.
7. Ќимова, Ѓ (2008). *Теоретски основи на современиот пристап на планирање и програмирање,* Образовни рефлексии-списание за теорија и практика во воспитанието и образованието, Биро за развој на образованието, Скопје.
8. Ќимова, Ѓ. (2008). *Карактеристики на реформираното гимназиско образование во Р. Македонија,* Образовни рефлексии-списание за теорија и практика во воспитанието и образованието, Биро за развој на образованието, Скопје.

(Кандидатката приложила доказ за објавени трудови под точка 3 и 5).

Од табелата дадена во прилог за вреднување на активностите според критериумите за избор во звање на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип д-р Ѓорѓина Ќимова има 14 бодови.

**III. М-р Габриела Дурчевска-Георгиева**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Габриела Дурчевска-Георгиева** е родена на 24 октомври 1974 год. во Куманово. Основно и средно образование завршува во Гимназијата „Јосип Броз Тито" во Скопје. Во 1993 година се запишува на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде што дипломира во 1997 година и се стекнува со звање дипломиран педагог. Во 1999 година на Филозофскиот факултет во Скопје запишува магистерски студии и работи на темата „Дизајнирање на воспитно-образовната средина во детската градинка", која ја одбранува во 2007 година. Во моментот е запишана на докторски студии и работи на докторатот на тема „Педагогот и унапредувањето на воспитно-образовниот процес во детската градинка".

***Наставно-научна дејност***

М-р Габриела Дурчевска-Георгиева е педагог во ЈУДГ на ОЦ „Раде Јовчевски-Корчагин", во Скопје, во 2007 година е поставена за в.д. директор во ЈУДГ на О.Ц. "Раде Јовчевски-Корчагин", во Скопје, каде претходно од 1997 година работи како воспитувач. Во 2011 година е ангажирана како надворешен соработник на Филозофскиот факултет-Институт за педагогија по предметот Советодавна работа.

***Стручна дејност***

Кандидатката м-р Габриела Дурчевска-Георгиева од 2010 до 2011 година работи како надворешен советник при Филозофскиот факултет во Институтот за педагогија во Скопје, располага со искуство во советување на воспитувачи и негувателки од областа на разни воспитно-образовни подрачја. Пројавува интерес за задоволување на образовните потреби на маргинализирани групи (внатрешно раселени лица, бегалци, Роми, деца-мајки од рурални средини); кандидатката воедно наведува дека има искуство во работа со деца со посебни потреби-подготовка и реализација на воспитно-образовни програми.

- Семинар за планирање и евалуирање на програмата „Чекор по чекор“, во организација на СОРОС Институт Отворено општество, Македонија.
- Семинар за планирање и реализирање на програмата за подготвителна година, во организација на Бирото за развој на образованието.
- Семинар за иновативен пристап во унапредување на раниот детски развој преку имплементација на стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години, организиран од УНИЦЕФ 29-30.4.2009 г., предавач проф. д-р Лена Дамовска и др.
- Семинар за современ пристап во водење на воспитно-образовни институции (градинки) во организација на Центар за образование на кадри К.Д.С.
- Семинар за колективните играчки и развој на социјалната комуникација, предавач доц.д-р Снежана Мирасчиева.
- Семинар на тема „Вештини за 21 век“.
- Стручна расправа на тема „Задолжителното образование во Република Македонија“- Состојби и перспективи 18.5.2010 год. во организација на Филозофскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методи“, Скопје.
- Семинар за раководниот кадар на градинката на тема „Потребите на предучилишното воспитание и образование“, 19.5.2010 год. во организација на Педагошкиот факултет во Скопје.
- Семинар на тема: „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“, Охрид, 2011 год, во организација на МОН и Здружение на граѓани ОХО. (Кандидатката не навела докази за поголем број активности од горенаведени дејности)

***Објавени трудови***

Кандидатката м-р Габриела Дурчевска-Георгиева во своето работно искуство има објавено неколку наслови и тоа:

- „**Мојата и твоја приказна**“ - дидактички материјал за деца од предучилишна возраст во издаваштво на АД Просветно дело, Скопје, 2002 година;
- **„Децата и природата**“ - интерен прирачник;
- **„Етика и љубовта**“- интерен прирачник;
- „**Важноста на раната возраст. Првите три години**“ - интерен прирачник.

Од табелата дадена во прилог за вреднување на активностите според критериумите за избор во звање на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип м-р Габриела Дурчевска-Георгиева има 6 бодови.

**IV М-р Ирена Китанова**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Ирена Китанова** е родена на 29 септември 1981 год. во Штип. Во родниот град завршува основно и средно образование (гимназија). Во 2000 година се запишува на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје и дипломира во 2004 година на Одделот за одделенска настава како најдобар студент на генерацијата со просек 9,71. Уште во прва година покажува интерес кон наставната практика и како резултат на тоа е вклучена во проектот „Со читање и пишување до критичко мислење“. Во 2002 година преку проектот „Партнерство и демократија во образованието“ чиј носител е Педагошкиот факултет во Битола, а Педагошкиот факултет од Штип е партнер, реализира тримесечен студиски престој (од 13 август до 8 ноември 2002 год) во Малме, Шведска. Во рамките на престојот се стекнува со сертификат за обучен наставник во Мултикултурното образование и сертификат за завршен почетен курс по шведски јазик.

Во учебната 2002/2003 година се стекнува со диплома за најдобар студент на генерацијата која ја доделува Сојузот на студенти на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје. Во 2004 година од страна на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ од Штип ѝ се доделува признание за најдобар дипломиран студент на генерацијата. Во 2007 година се запишува на постдипломски студии на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Битола, каде што успешно ги полага сите предвидени испити и на 5.2.2009 година и го брани магистерскиот труд на тема **„Комплексната постапка за усвојување на буква**

**во почетното читање и пишување и нејзино унапредување“** со што се стекнува со звање **магистер по педагогија во областа на методиките.** Во моментот е запишана на докторски студии на Педагошкиот факултет во Битола на насоката Образовни науки и успешно ги полага предвидените испити, а воедно и паралелно работи на докторската теза.

***Наставно-научна дејност***

Кандидатката м-р Ирена Китанова својата наставно-научна дејност ја започнува како помлад асистент на Педагошкиот факултет во Штип каде што се вработува во 2004 година по предметите: Методика на наставата по македонски јазик, Историја на педагошките идеи, Педагошка практика на Одделот за одделенска настава.

Во 2007 година повторно е избрана во помлад асистент по предметите: Методика на наставата по македонски јазик, Историја на педагошките идеи, Педагошка практика на Одделот за одделенска настава, Семејна педагогија на Одделот за одделенска настава (изборен предмет).

По магистрирањето, кандидатката се стекнува со повисоко звање на работното место, т.е. во 2009 година е избрана за асистент по горенаведените предмети.

***Стручна дејност***

Кандидатката м-р Ирена Китанова стручната работа ја започнува уште како студент на Педагошкиот факултет, каде што е вклучена во проектот „Партнерство и демократија во образованието“, во 2002 со студискиот престој од три месеци во Малме, Шведска, каде што се стекнува со сертификат за обучен кадар за мултикултурата во училиштата, целосната настава при овој проект се одвива на англиски јазик, како и предметите кои кандидатката ги полагала за да се стекне со потребниот сертификат. Во 2005 година е вклучена во проектот „Употреба на информатичката технологија во училницата“, кој е поддржан од УСАИД и преку кој присуствува на следните обуки:

- “IT in In-service Teacher Traning”, Тетово во периодот 22-31 август 2005 година;
- “Child-centered methodology curriculum development”, Лондон во периодот 20-26 ноември 2005 година;
- “Tehnology teachers and young learnenrs workshop”, Охрид во период 16-25 јануари 2006 година.

Воедно учествува и во проектот „Креативна настава и учење“ чии обуки се одржуваат во Охрид во 2006 година. Во 2008 година преку JEP Tempus project - „Интегрирање на е-учењето во курикулумот на наставниците“ чијшто носител е Педагошкиот факултет во Штип посетува обука во Гронинген, Холандија, во периодот од 21 до 31 јануари. Во моментот е вклучена во Пограничниот проект меѓу Општина Делчево, Република Бугарија и Педагошкиот факултет во Штип.

Во периодот на своето работење на Факултетот за образовни науки во Штип зема активно учество во неколку работилници и проекти:

- 2002-2004 „Со читање и пишување до критичко мислење“ USAID, FOSIM (учесник);
- 2002-2004 - „Партнерство и демократија во образованието“ - чиј носител е Педагошкиот факултет во Битола, а Педагошкиот факултет во Штип е партнер, реализиран е тримесечен студиски престој (од 13 август до 8 ноември 2002 год.) во Малме, Шведска. Во рамките на престојот се стекнува со сертификат за обучен наставник во мултикултурното образование и сертификат за завршен почетен курс по шведски јазик;
- 2005-2008 „Creative teaching/learning”, USAID, FOSIM (учесник);
- 2005-2006 „Употреба на информатичката технологија во училницата“-

Работилница:

1. “IT in In-service Teacher Traning”, Тетово во периодот 22-31 август 2005 година;
2. “Child-centered methodology curriculum development”, Лондон во периодот 20-26 ноември 2005 година,

3. “Tehnology teachers and young learnenrs workshop”, Охрид во период 16-25 јануари 2006 година.
– 2008-2010 JEP Tempus project „Интегрирање на е-учењето во курикулумот на наставниците“.
4. „Интегрирање на Е-учењето во курикулумот на наставниците“ Гронинген, Холандија во периодот од 21-31 јануари
– 2008, *„Local employment, education and training init.iatives”* - „Joint Days of Lifelong Learning” (Neighborhood Programme Bulgaria – Republic of Macedonia), *Ministry of Regional Development and Public Works, Bulgaria & Europen Agency for Reconstructiuon, Skopje, Macedonia* (координатор)
– 2009, **“Learning and Teaching with Tehnology”-** 20 January-30 January, Stip, William Warrick.

**Други активности**:
1. „Социјални вештини и одговорноста на наставниците и стручните работници во училиштето“ (16.12.2011-18.12.2011, Струмица), организирана од ОСЦЕ.
2. Воведна обука за „Инклузивно образование“ (23-25 август 2011, Скопје) организирана од меѓународни консултатнти на EENET (Enabling Educational network).
3. „Theatre as toll for conflict analysis including Forum Theatre techniques” (12,13 february, 2011, Skopje) организирана од The German Forum Civil Peace Service and local NGO Centre for Management of Conflicts jointly.
4. „Enhancing school mediation“ (24-27 декември 2010, Охрид), организирана од German Forum Civil Peace Service and local NGO Centre for Management of Conflicts jointly.
5. Градење на капацитетите за јазична и математичка писменост за унапредување на резултатите од учењето кај учениците, поддржан и овозможен од УНИЦЕФ, а реализиран од страна на МЦГО. 14-17 мај 2011.
6. „Social skills and responsibilities of teachers and professional staff in a multi-ethnic education system” организирана од OSCE, Струмица, 18 декември 2011.

***Објавени трудови***

Кандидатката м-р Ирена Китанова од своето вработување има објавено неколку научни и стручни трудови:

1. **Ирена Китанова** (2002): „Извештај од студискиот престој во Малме, Шведска“, Воспитание, број 3, Педагошки факултет, Штип.
2. **Ирена Китанова** (2003/04): „Мултикултурната димензија на националниот наставен план“, Воспитание, број 4/5, Педагошки факултет, Штип.
3. **П**роф. д-р Блаже Китанов, **Ирена Китанова** (2004): „Портфолио-модел за училиште без слаби ученици“, *Škola bez neuspešnih učenika – mit ili stvarnost,* Pedagoški fakultet, Pula.
4. Проф. д-р Ленче Милошева, **Ирена Китанова** (2005): „Улогата на наставникот во образовниот менаџмент“, Интернационална конференција, Софија, Бугарија.
5. **Ирена Китанова** (2005/2006): „Басната во одделенската настава“, Воспитание, број 6-7, Педагошки факултет, Штип.
6. **Ирена Китанова** (2007): „Мотивација за постигнување на училишен успех“, Научна конференција, 7-11 мај, Благоевград, Бугарија.
7. Ирена Китанова (2007): “Technology-the key to modern school”, Mediumska pismenost – Pozitivni i negativni efekti, Tehnologija informatika obrazovanje 4, Novi Sad, Beograd. http://www.cnti.info/mainportal/index.php?option=com_content&view=article&id=82&Itemid=119&limitstart=4
8. Проф. д-р Блаже Китанов, Ирена Китанова (2007): „Образовниот систем во Република Македонија“, Меѓународна научно-практична конференција „Традиции и иновации во дошколското образование“, 7-9 ноември, Москва, Русија.
9. Ирена Китанова (2008): „Contemporary intentions in education”, IV International Scientific Conference, „Работа во тандем (парови) на учениците како современа форма на настава“,13-15 јуни, Охрид.

10. Ирена Китанова (2009): „Комплексната постапка за обработка на буква во почетното читање и пишување", Воспитни крстопати, година 14, број 31, Скопје.
11. Ирена Китанова (2009): „The problem of story interpretation and its influence of child in early childhood"- Мегународно научна практична конференција „Словенската култура",12-14 мај, Москва, Русија.
12. Проф. д-р Емилија Петрова Ѓоргева, Ирена Китанова (2009): „Moral education need or challenge", Петти меѓународен конгрес за образование и наука на Балканот", 1-30 октомври, Едирне, Турција (во печат).
13. Kitanova Irena, (1-4 Julu 2009) The Problem of Story Interpretation and Its Influence on Children (Virtual Presentation), The sixteenth international conference on learning University of Barcelona, Spain (http://thelearner.com/conference-2009/sessions/)
14. Ирена Китанова (2009): „Структурата на дидактичкиот материјал при комплексна обработка на буква како метод кај надарените деца" - Интернационална конференција надарените и талентирани креатори на прогресот, 16-17 октомври, Охрид.
15. Снежана В. Ставрева, Ирена Китанова, Влатко Китанов (2009): "Smart learning with smart board"- научен собир Образование и усовршување на наставникот-цели и задачи на воспитно-образовниот процес, 13 ноември, Ужица, Србија.
16. Ирена Китанова (2009): "Structure of the didactic material used in complex procedure for teaching letters" – Научно-практична конференција од мегинароден карактер предучилишно детство и одговорностите на современото општество, 25-27 ноември, Бургас, Бугарија.
17. Ирена Китанова, Емилија Петрова Ѓорѓева (2010): "Motivation for achiving success in school" "Educational development gools in the nine year primary school from I to III grade in Macedonia" - Меѓународна јубилејна научна конференција Современото образование мисла и волја, 3-4 декември, Благоевград, Бугарија.
18. Емилија Петрова Ѓорѓева, Ирена Китанова, (2010): "Educational development gools in the nine year primary school from I to III grade in Macedonia"- Меѓународна јубилејна научна конференција Современото образование мисла и волја, 3-4, декември, Благоевград, Бугарија.
19. Ирена Китанова (2010): „Комплексната постапка за обработка на буква како креативност во образовниот развој" - V International scientific conference Educational for a human society, 28-29, May, Ohrid, Macedonia.
20. Emilija Petrova Gjorgjeva, Irena Kitanova (2010), Емпатијата како хумана вредност во современото образование, Петти научен собир Образование за хумано општество, Охрид.
21. Проф.д-р Блаже Китанов, м-р Ирена Китанова (2011) „Простумот на Коле Чашуле наспроти бугарската скаменета визија", Воспитание - Списание за образовна теорија и практика (11). pp. 17-25. ISSN 2009.
22. 22 . Kitanova Irena (2011) Eticko-estetskite segmenti vo bukvarot na Josif Kovacev, Godisen Zbornik, Univerzitet "Goce Delcev" Stip, Institut za istorija I arheologija, 141-144.
23. Kitanova Irena (2011), "Komponenti na izraznoto čitanje", Vospitanie, Univerzitet "Goce Delcev" Stip, 137-155.
24. Kitanova, Irena (2011) "Classroom with E-Learning for Gifted Children". The VI International Balkan Congress for Education and Science: The modern society and education.
25. Kitanova, Irena (2012) Васпитно дејство бајке код деце предшколког и школског узраста. Book of apstract - Књига резимеа, pp. 1-5.

1. Ирена Китанова (2009): **„Комплексната постапка за обработка на буква во почетното читање и пишување", Воспитни крстопати, година 14, број 31, Скопје.** Во трудот станува збор за комплексната постапка за усвојување на букви која многу ретко се употребува при изучување на буквите во основното образование т.е. во одделенската настава, авторката дава прецизни начини за олеснување на постапката со цел да им се овозможи доближување на истата на наставниците од одделенска настава. Трудот е

оригинален, бидејќи авторката го приложува како дел од својата магистерска теза за која има спроведено и релевантни истражувања.

2. Ирена Китанова (2009): **“The problem of story interpretation and its influence of child in early childhood”- Меѓународно научна практична конференција „Словенската култура“, 12-14 мај, Москва, Русија.** Во овој труд авторката врши презентација на басната како содржина која е опфатена во предметот Македонски јазик во одделенска настава, зборува за нејзината примена, како и за нејзиното преносно значење. Во трудот се истакнуваат метафоричките дејства на басната, како да им се доближи содржината на децата од најмала возраст, а воедно и да се развие љубовта према книгата уште од најмали нозе, а во сето тоа улогата да ја преземе наставникот. Во делови од трудот се врши препознавање на улогата на луѓето пресликана преку делата на животните за да може на сликовит и разбирлив јазик за децата да им се појаснат пораките, мудростите и народните умотворби.

3. Проф. д-р Емилија Петрова Ѓоргева, **Ирена Китанова** (2009): “Moral education need or challenge”, Петти меѓународен конгрес за образование и наука на Балканот“, 1-30 октомври, Едирн, Турција (во печат).

5. Kitanova, Irena (2009) „**Блумова таксономија на воспитно - образовните цели“. Воспитание - Списание за теорија и практика (10). pp. 129-133. ISSN 2009.** Трудот преставува образложение на Блумовата таксономија која преставува презентирање на знаењето кое го поседува ученикот за да препознае и да се сети на одредени термини, факти, симболи за некои граматички термини, примената на знаењето односно да ги користи информациите за да реши нов проблем, да ги поврзе со претходното искуство, да предвиди исход од активноста. Во трудов воедно станува збор и за анализата на учениците т.е. разбирање на идејата или поимот на неговите составни делови, идентификација на релацијата меѓу елементите, причините и последиците, сличностите и разликите. Синтетизирањето како активност на учениците е уште еден сегмент кој е опфатен во овој труд, поврзувањето на елементите на нов оригинален начин, правење на структури што не ги знае, комбинирање на поситни информации во генерализација или заклучок.

6. Stavreva Veselinovska, Snezana and Kitanova, Irena and Kitanov, Vladimir (2009) **“Smart learning with smart board“. Naucni skup - “Obrazovanie i usovrsavanje nastavnika”. pp. 278-294.** Во овој труд кандидатот се јавува како коавтор каде што го прикажува своето знаење од методиката преку „паметните“ табли кои се среќаваат како новитет во основното образование. Презентирани се и начини за реализација на конкретни наставни содржини од обласста на природните науки, поточно од предметното подрачје природа и општество. Дадени се слики на кои е претставена функцијата на „паметните“ табли во функција на предметот Природа и општество, како и методичко појаснување за да можат наставниците да знаат во кој дел и како да ги употребат.

7. Kitanova, Irena (2010) **„Комплексната постапка за обработка на буква како креативност во образовниот развој“. Зборник на апстракти - Петти научен собир „Образование за хумано општество”.** Во овој труд авторот дава подетален преглед на комплексната постапка, но во функција на образовниот развој на ученикот. Презентирајќи ја ваквата постапка авторот покажува начини на многу поактивно сфаќање и изучување на буквите на малку поинаков начин од вообичаениот каде што ученикот е поактивен, а сето тоа влијае на неговиот креативен развој. Се прикажува и креативноста на наставникот, неговата спонтаност во воспитно-образовниот процес преку обработка на буква на ваков начин.

8. Kitanova, Irena and Petrova Gjorgieva, Emilija (2010) **“Motivation for achieving succes in school“. Зборник со научни студии и статии - Современото образование, мисии и визии. pp. 254-256.** Во овој научен труд кандидатот се јавува како носител на трудот заедно со уште еден коавтор со кој сакаат да ги претстават начините на мотивирање на учениците за постигнување на успех во училиштето. Во трудот се опфатени и споменати неколку причини кои би можеле да влијаат на неуспехот на учениците, а во продолжение се образложени начините на кои наставникот треба да му пријде на ученикот за да го мотивира за да се постигнат позитивни резултати и за двете страни.

9. Kitanov, Blaze and Kitanova, Irena (2010) **“Prostumot” Kole Casule against Bulgarian stony vision“. Воспитание - Списание за образовна теорија и практика (11). pp. 17-25. ISSN 2009.** Авторите во овој труд даваат критички осврт кон литературното творештво на Коле Чашуле кој е еден од попознатите македонски автори во периодот на бугарската офанзива врз Македонија. Во овој труд станува збор за драмското и прозното творештво на Коле Чашуле во кое доминира една основна специфика и идеја-идентификација на етичките состојби и упорот да се живее втор и подобар живот и истиот да се инкарнира во другиот. Овие компоненти кои се развиваат и доразвиваат од првите прозни и романски творби, присутни и во романот „Премрежје“ кој претставува и предмет на разглед и интерпретација на овој труд.

11. Kitanova Irena (2011), **“Komponenti na izraznoto citanje“, Vospitanie, Univerzitet “Goce Delcev” Stip, 137-155.** Во овој труд авторот врши образложување на компонентите на изразното читање укажувајќи на фактот дека читањето претставува вештина која е неопходна за опстанокот на човекот во современиот свет. Ваквата вештина не е последица на биолошкиот, туку на културниот развој на човекот, истакнува авторот. Токму од тие причини, совладувањето на читањето е најважната задача на учениците во школувањето, а тоа им отвора патишта за понатамошните различни учења. Авторот ги наведува главните задачи на наставата по читање во одделенска настава и тоа совладување на техниката на читање, правилно и течно читање, совладување на техниката на гласното и тивкото читање, воведување на учениците во изразното читање, како и многу други.

12. Kitanova, Irena (2011) **“Classroom with E-Learning for Gifted Children“. The VI International Balkan Congress for Education and Science: The modern society and education**. Авторот се претставува со една доста интересна тема за денешницата, а тоа е како да се функционира во училница со е-учењето кога се работи со надарени деца. Се приложуваат придобивките на еден наставник кој работи со ваква група на ученици, но воедно и потешкотијата да се осмисли еден наставен час за да бидат задоволени потребите на учениците. Е-учењето претсавува модерен начин којшто овозможува надарените ученици да се стекнат со различни видови на знаења од повеке области истовремено

13. Kitanova Irena (2011) **“Etičko-estetskite segmenti vo bukvarot na Josif Kovacev“, Godisen Zbornik, Univerzitet “Goce Delcev” Stip, Institut za istorija I arheologija, 141-144.** Во овој труд авторот м-р Ирена Китанова се навраќа во делот од историјата на педагогијата каде што става акцент на авторското дело на штипскиот автор на букварот Јосиф Ковачев. Тука авторот врши вовед во животното дело на Ковачев преку историјата, како и неговото значење за штипјани и за Македонија воопшто. За букварот на Ковачев ги истакнува неговите етичко-естетски сегменти кои биле многу значајни во тој период, бидејќи јасно можела да се види напредноста во писменоста на македонскиот народ.

14. Kitanova, Irena (2012) **„Васпитно дејство бајке код деце предшколког и школског узраста“. Book of apstract - Књига резимеа. pp. 1-5.** Во овој труд авторот зборува за бајката како една од предвидените наставни содржини во македонскиот јазик како во одделенска така и во предучилишната настава. Бајката претставува текст во кој се предадени ликови преку кои авторите најчесто ги прикажуваат позитивните или негативните работи на една личност, сакајќи притоа да им посочат на учениците како е потребно правилно да се однесуваат, а како неправилно. Сето ова авторот детално го образложил за да презентира како бајките имаат пред сè и воспитно дејство кај учениците што најчесто се постигнува преку пораките и поуките кои се извлекуваат како заклучок на анализираната бајка.

Во моментов е коавтор на учебникот (практикумот) којшто се подготвува да излезе во печат на Факултетот за образовни науки - Штип со наслов **„Практикум за наставата по македонски јазик во деветгодишно основно образование**“.

Во своето досегашно работење кандидатката м-р Ирена Китанова има добиено голем број сертификати за учество на поголем број работилници и обуки организирани како од образовните установи, така и од невладиниот сектор, кои се поврзани со конкретната работа на кандидатот.

Од табелата дадена во прилог за вреднување на активностите според критериумите за избор во звање на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип м-р Ирена Китанова има 29,5 бодови.

## ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ

По разгледувањето на поднесената документација и изнесените податоци во овој извештај, табелата за вреднување на активностите на кандидатите (во прилог: м-р Ирена Китанова има најмногу бодови во споредба со другите кандидати-29,5) како и врз основа на личното познавање и следење на кандидатката, Комисијата смета дека м-р Ирена Китанова поседува стручни и наставно-научни квалитети со што ги исполнува условите за избор во соработничко звање асистент од наставно-научната област методика. Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки **да ја избере кандидатката м-р Ирена Китанова во звањето асистент од областа методика на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јордан Стојаноски, претседател, редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Бојо Колонџовски, член, редовен професор, с.р.**
**Доц. д-р Даниела Андоновска-Трајковска, член, доцент, с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на м-р Ирена Китанова асистент на Факултетот за образовни науки, според критериумите за избор во звање на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**

| | Видактивност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | Во странство | |
| Наставно-образовна дејност | | | | |
| 1. | Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум | | | |
| 2. | Интерна скрипта од предавања | | | |
| 3. | Интерна скрипта од вежби | | | |
| 4. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 9*0.5 | | 4,5 |
| | Вкупно: | **4,5** | | |
| Ред број | Вид активност | Поени | | |
| | | Во земјава | Во странство | |
| Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | | | | |
| 1. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 7*1 | 7*2 | 21 |
| 2. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | | | |
| 3. | Одбранета докторска теза | | | |
| 4. | Одбранета магистерска работа | 1*4 | | 4 |
| 5. | Учесник во научен проект | | | |
| 6. | Студиски престој во странство | | | |
| | Вкупно: | **25** | | |
| | Вкупно: | **29.5** | | |

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Ѓорѓина Ќимова, според критериумите за избор во звање на наставници и соработници на Универзитетот „ГоцеДелчев" во Штип**

| | Видактивност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | Во странство | |
| Наставно-образовна дејност | | | | |
| 1. | Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум | | | |
| 2. | Интерна скрипта од предавања | | | |
| 3. | Интерна скрипта од вежби | | | |
| 4. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | | | |
| | Научно-популарна статија во стручно-методско списание | 2*1 | | 2 |
| | Вкупно: | **2** | | |
| Ред број | Вид активност | Поени | | |
| | | Во земјава | Во странство | |
| Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | | | | |
| 1. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | | | |
| 2. | Учество на научен собир со реферат (постер/ усно), концерт во земјава и во странство | | | |
| 3. | Одбранета докторска теза | 8 | | 8 |
| 4. | Одбранета магистерска работа | 1*4 | | 4 |
| 5. | Учесник во научен проект | | | |
| 6. | Студиски престој во странство | | | |
| | Вкупно: | **12** | | |
| | Вкупно: | **14** | | |

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на м-р Габриела Дурчевска-Георгиева, според критериумите за избор во звање на наставници и соработници на Универзитетот „ГоцеДелчев” во Штип**

| | Видактивност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | Во странство | |
| Наставно-образовна дејност | | | | |
| 1. | Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум | | | |
| 2. | Интерна скрипта од предавања | | | |
| 3. | Интерна скрипта од вежби | | | |
| 4. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | | | |
| | Научно-популарна статија во стручно-методско списание | 1*1 | | 1 |
| | Вкупно: | **1** | | |
| Ред број | Вид активност | Поени | | |
| | | Во земјава | Во странство | |
| Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | | | | |
| 1. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | | | |
| 2. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | | | |
| 3. | Одбранета докторска теза | | | |
| 4. | Одбранета магистерска работа | 1*4 | | 4 |
| 5. | Учесник во научен проект | | | |
| 6. | Студиски престој во странство | | | |
| | Вкупно: | **5** | | |
| | Вкупно: | **6** | | |

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на м-р Катерина Алексовска, според критериумите за избор во звање на наставници и соработници на Универзитетот „ГоцеДелчев” во Штип**

| | Видактивност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | Во странство | |
| Наставно-образовна дејност | | | | |
| 1. | Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум | | | |
| 2. | Интерна скрипта од предавања | | | |
| 3. | Интерна скрипта од вежби | | | |
| 4. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | | | |
| | Научно-популарна статија во стручно-методско списание | | | |
| | Вкупно: | | | |

| Ред број | Вид активност | Поени | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | Во странство | |
| Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | | | | |
| 1. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 3*1 | | 3 |
| 2. | Учество на научен собир со реферат (постер/ усно), концерт во земјава и во странство | | | |
| 3. | Одбранета докторска теза | | | |
| 4. | Одбранета магистерска работа | 1*4 | | 4 |
| 5. | Учесник во научен проект | | | |
| 6. | Студиски престој во странство | | | |
| | Вкупно: | | **7** | |